Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-381/3
29-07-2022 Година

Постапувајќи по претставката бр. 08-381/1 од 18.07.2022 поднесена од [redacted] против [redacted] за сторен говор на омраза, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 40, став 7 од Законот за општата управна постапка (Службен Весник на Р.С. Македонија 124/2015 од 23.07.2015, 65/2018 од 12.04.2018), а согласно член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 29.07.2022 го донесе следното

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставка заради ненадлежност и проследување на постапување до Јавно Обвинителство Скопје**

**СЕ ОТФРЛА** поднесената претставка за говор на омраза поради тоа што постапувањето по адресираните проблеми во претставката не спаѓаат во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Образложение

На 18.07.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за говор на омраза од страна на [redacted] против [redacted]

Во поднесената претставка е наведено дека на 29.06.2022 година на порталот на [redacted] на дебатна емисија [redacted] емитувана истиот ден на Фејсбук страницата на [redacted] во јавноста се ширеле расистички и ксенофобичен пишан материјал кој промовира омраза, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, односно бил предмет на омраза кон ЛГБТ+ Заедницата.

После разгледувањето на наодите од претставката, Комисијата одлучи дека постапувањето по адресираниот проблем **не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување,

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.

Комисијата смета дека дејствијата во добиената претставка содејствуваат со одредбите содржани во членот 394-г кој гласи **ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем**, од Кривичен законик (Сл.весник на РСМ бр.37/1996, 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018;).

Согласно горенаведеното, а врз основа на член 40 став 7 од Законот за општа управна постапка, (Сл.весник на РСМ 124/15 и 65/18), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со допис заверен со архивски број 0801-381/2 од 29.07.2022 предметот го проследи на постапување до Јавно Обвинителство Скопје.

Скопје 29.07.2022

Член на Комисија за спречување и заштита
од дискриминација

Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]
2. Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk